# 335. ПОШЛА РУМЕНА НА ВОДА СТУДЕНА




Пошла Румена на вода студена,
оздола иде едно лудо младо.

Лудо на мома Румена говоре:
- Кажи Румено што да ти правам.

Цвеќе да ти земам, друго ќе си скинеш,
ем поубаво, ем помирисно.

Стомни да ти скршам, други ќе си купиш,
ем поубави, ем пошарени.

Најподобро е дај да те целивам,
целивка се с'пари не купуе.

Каракаш, Бранко, Антологија на македонски нардони песни, Скопје: Дега, 1995